НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп (во натамошниот текст НУ Завод и Музеј - Прилеп) е установа која што се занимава со дејноста за заштита на спомениците на културата, како и со музејска како основна дејност. Во рамките на основната дејност ги врши и следните работи:

- ги разгледува прашањата од областа на заштитата на спомениците на културата, предлага донесување прописи и преземање мерки во врска со заштитата на спомениците на културата и презема мерки во рамките на својата надлежност;
- ги проучува, истражува и со научни методи обработува прашањата од областа на заштитата на спомениците на културата;
- води регистар на спомениците на културата;
- води стручна евиденција и документација за спомениците (положба, степен на загрозеност, мерки на заштита);
- изработува студии, елаборати, анализи и други студиско-аналитички материјали за заштита на спомениците на културата;
- изработува проекти за конзервација, реставрација, реконструкција и други облици на непосредна заштита на спомениците на културата;
- врши и организира изведба на козерваторско-реставраторски и други работи на непосредна заштита на спомениците на културата;
- врши експертиза, вештачење, ревизија и слични работи од областа на заштитата на спомениците на културата;
- донесува решенија за утврдување и губење својство споменик на културата и други поединечни управни акти во прв степен согласно со закон;
- учествува во управни постапки што ги водат други надлежни органи;
- врши непосреден стручен надзор над изведувањето на работите на конзервацијата и реставрацијата на спомениците на културата и на спроведувањето на техничко-заштитните и други мерки за заштита на спомениците на културата;
- издава публикации од областа на заштита на спомениците на културата и пропаганден материјал за спомениците;
- врши и други стручни и управни работи во областа на заштитата на спомениците на културата, што му е ставено во надлежност со закон;
- систематски истражува, собира, средува, стручно и научно обработува и проучува, конзервира, чува, објавува и презентира музејски материјал;

- организира постојани изложбени поставки, повремени подвижни изложби, предавања, семинари, курсеви, прикажување на филмови и други форми на дејствување заради запознавање на граѓаните, со музејскиот материјал и нивното воспитно-образование и културно издигнување;

- обезбедува услови за користење и за научно и стручно проучување на музејскиот материјал;

- води влезна книга, книга на инвентар, картотека на музејскиот материјал и друг вид на евиденција и документација;

- врши ревизија на музејскиот материјал;

- издава научни и стручни публикации, каталози, водичи и друг пропаганден материјал;

- врши и други работи во областа на музејската дејност.

НУ Завод и Музеј - Прилеп покрај основната врши и дополнителна дејност и тоа:

1. Галериска дејност, односно организирање и јавно изложување на оригинални или примероци на дела од ликовната и применетата уметност;
2. Издавачка дејност.

НУ Завод и Музеј - Прилеп во согласност со Статутот своите задачи ги остварува преку организациони единици (сектори) кои се состојат од одделенија и преку истите стручните лица во согласност со Правилникот за организација на работата, ја вршат својата дејност.

За 2006 година НУ Завод и Музеј - Прилеп до Министерството за култура на Република Македонија конкурираше со 41 проекти од кои 14 проекти ги финансираше. Напоредно со реализацијата на проектите се работеше и на Програмите за ревалоризација на недвижното и движното културно наследство која не беше во целост финансирана од страна на Министерството за култура. Покрај тоа реализирани се уште седум проекти во рамките на вонпрограмските активности, а беа извршени и увиди на поголем број споменици на културата, археолошки локалитети како и други објекти во општините Прилеп, Долнени, Кривогаштани и Крушево.

I . Заштита и користење на недвижното културно богатство

1. Ревалоризација на недвижно културно наследство

Врз основа на Законот за заштита на културното наследство, Управата за заштита на културното наследство изготви програма со која во текот на 2006, 2007 и 2008 г. треба да се ревалоризира недвижнотото културно наследство а во текот на 2006 г. и движните споменици на културата. Во почетокот на 2006 г. беа одржани неколку средби на стручни лица од Установите и Управата со цел да се дадат насоки за успешно реализирање на оваа акција. Се појавија голем број на проблеми за успешно реализирање на оваа програма. Секако најзначаен проблем беа финансиските средства кои заради ангажирање на надворешни лица беа недоволни. Како проблем би го потенцирал и добивањето на потребни документи од Државниот завод за геодетски работи кои покрај што финансиски ги оптеретуваат овие проекти, за одредениобјекти особено за оние кои се правеше ревалоризација Ex Lege, напоредно која се одвиваше со ревалоризацијата на недвижното културно наследство.

Напоменувам и тоа дека Министерството за култура во целост не ја финансираше припремата за ревалоризација на недвижното културано наследство.

Врз основа на програмата за ревалоризација на објекти Ex Lege се работеше на изработка на елаборати за:

1. НУ Завод и Музеј – Прилеп
2. Галерија на икони – Прилеп
3. Музеј за тутун – Прилеп
4. Градска библиотека “Борка Талески” – Прилеп
5. Архив на Македонија – Подрачно одделение – Прилеп
6. Центар за современа ликовна уметност – Прилеп
7. Библиотека – Крушево
8. Музеј на НОБ – Крушево

и елаборати за ревалоризација на споменици на културата:

1. Меморијален музеј “11 Октомври 1941” – Прилеп
2. Меморијален музеј “Кузман Јосифоски – Питу” – Прилеп
3. Спомен дом “Блаже Конески” – с. Небрегово. општина Долнени
4. Споменичка целина “Стара Чаршија” – Прилеп
5. Манастир Трескавец со црква Успение Богородичино – Прилеп

6. Саат Кула – Прилеп
7. Чарши Џамија – Прилеп
8. Могила на Непобедените – Прилеп
9. Манастир со црква Св.Никола, с. Слепче – општина Долнени
10. Археолошки локалитет "Стибера" – с.Чепигово – Прилеп
11. Работилница за оружје за време на Илинденското востание – Крушево
12. Галерија "Никола Мартиноски" – Крушево
13. Црква Св. Јован (иконостас) – Крушево
14. Куќата на Никола Карев – Крушево
15. Куќата во која е профласена Крушевската Република – Крушево
16. Тврдината "Маркови кули" – споменички комплекс – Варош - Прилеп
17. Црква Св. Благовештение – Прилеп
18. Црквца Св. Никола, с.Манастир – Прилеп
19. Манастир Св. Архангел Михаил, Варош - Прилеп
20. Споменик "Илинден" – Крушево

2. Изработка на проект за конзервација на фрескоживопис на црквата Св.Никола, с. Манастир

Црквата Св.Никола, с. Манастир е изградена 1266 година на темели од Црква од 1095 година подигната од протостаторот Алексеј, роднина на византискиот император Алексеј Комнин. Црквата претставува трикорабна базилика без нартекс, која на источната страна завршува со тристрани апсиди. Црквата е живописана во 1271 г. Живописот е со високи уметнички, иконографски и светски признати квалитети. Во функција на реализација на овој проект најпрво се пристапи кон изработка на техничка документација на фрескоживописот која што компјутерски се обработи. Имено претходно направената техничка и фото документација се доведе во димензии, односно размер 1:10 на сите композиции. Во соработка со стручни лица на Националниот конзерваторски центар се работеше на истражувачки работи врз фрескоживописот кое што се состоеше од комплетно фото снимање, копирање на живописот на фолија (најлон), механички сонди за утврдување структура на sидаријата под малтерот, сонди со хемиски средства за утврдување на исчаденост или други наслаги на живописот, како и други активности во функција на изработката на проект за конзервација на фрескоживописот на овој значаен Споменик на културата, фрескоживопис што се наоѓа во состојба што бара

неодложна интервенција односно комплетен конзерваторско-реставраторски третман.





Истражувачки работи за изработка на проект за конзервација на фрескоживописот

3. Изработка на проект за конзервација на 15 икони (деисис со апостоли) од црквата на манастирот Трескавец

Реализацијата на овој проект го направивме во соработка со стручни лица од Националниот конзерваторски центар. Според програмата активностите се одвиваа во неколку фази и тоа:

1. Опис и валоризација на иконите;
2. Анализа на техниката на носачите, подлога, сликаниот слој и лакот;
3. Физичко-хемиски анализи;
4. Документација (графичка и дигитална);
5. Фотодокументација.

Истражувањата беа насочени во правец утврдување на автентичноста и зачуваноста на оригиналниот боен слој со цел определување на мерки во насока на конзерваторска презентација. Цел на истражувањата беше и утврдување на стилско-ликовните карактеристики на иконописот. Резултатите од истражувачките работи дадоа конкретни податоци за утврдување на зографската работилница, времето на сликањето на иконите и нивното место во овој хронолошки разновиден иконостас.

По завршувањето на истражувачките работи следеше изработката на самиот проект кој е во завршна фаза. По што ќе следи и непосредна конзервација на иконите која е предвидена со Програмата за заштита на културното наследство за 2007 година.



Апостол Симеон



Апостол и евангелист Јован

4. Изработка на проект „Заштита на камени споменици и уредување на музејски простор лапидариум“

Овој проект иако беше предвиден во Програмата за заштита на културното наследство, за 2006 година не беше финансиран од Министерството за култура. Сепак со оглед на фактот што истиот требаше да го реализираме во соработка со ДООЕЛ “Перкан Проект” – Прилеп што е и направено со изработка на основен проект под Технички бр. 87/2006 г. Се надеваме дека во иднина Министерството за култура ќе има разбирање и ќе овозможи реализација на овој проект со кој се предвидува презентација на каменитe споменици, активна едукација, повремени ликовни изложби, видео презентации и промоции на книги, во овој отворен простор кој ќе овозможува реализирање на вакви активности.





Камена пластика

5. Археолошки истражувања и конзерваторско-реставраторски работи на археолошкиот локалитет Стибера

Античкиот град Стибера е со континуирано живеење од III век п.н.е. до IV век н.е. Тој е утврден град со повеќе откриени објекти од кои е значаен храмот посветен на божицата Тихе, заштитница на градот Стибера.

Во рамките на предвидената програма се реализира археолошки истражувања и конзерваторски зафати со намален обем заради скратените финансиски средства особено во делот на археолошки истражувања.

Археолошките истражувања се вршеа во западниот ископ и во делови непосредно крај ѕидовите на херонот предвидени за конзерваторски интервенции. Истражувањата го опфатија и просторот кој треба да го дефинира изгледот на Гимназионот во тој правец. Ископот ја следеше цела должина на западниот ѕид од херонот и констатирано е дека откриената ѕидарија од камен и варов малтер продолжува и во длабочина. Направените археолошки истражувања непосредно крај внатрешното и надворешното лице од северниот и крај внатрешното лице од западниот ѕид на Гимназионот беа со цел да се овозможи непречено одвивање на конзерваторско-реставраторски работи.

Со конзерваторските зафати извршено е комплетно консолидирање на ѕидаријата од херонот, при што е направена финална презентација на овој објект.





Објект Хероон, пред и после конзервација, археолошки локалитет Стибера, с. Чепигово

6. Археолошки истражувања на локалитетот Висока

Реализацијата на овој проект беше во соработка на стручни лица од Филозофски факултет – Институт за историја на уметност и археологија, Скопје и студенти и стручни лица на НУ Завод и Музеј – Прилеп. Целта на истражувањата беше да се пронајде правецот на раноантичкиот одбрамбен бедем, подобро да се проучи опусот на ѕидање, како и да се истражи предходно откриениот влез во градот (се претпоставува градот Пелагонија).



Остатоци од влез на утврдување на локалитетот "Висока", с. Крушевица

Се истражуваше на неколку локации во вкупно четири сонди. Сондите 1 и 2 лоцирани се пред самата порта, сондата 3 се наоѓа северно од сонда 2, додека сонда 4 се наоѓа во просторот на самиот влез.

Пред почетокот на теренските работи група работници работеа на расчистување на патот од с. Крушевица до котата Крушка.

Со истражувањата се добија контурите на дел од одбрамбениот бедем со вкупна должина од околу 20 м. Со сондата број 2 е утврдено дека бедемот е граден над карпа. Откриен е ѕид со висока сочуваност од 2,40 м. Со истражувањата со сонда

4 дефиниран е влезот, поточно просторот пред и во делот на портата, при што откриени се скалила од монолитни блокови со димензии 170 x 30 x 30 см.

При истражувањата откриено е мноштво движен материјал (керамички садови, монети и бронзени украсни предмети. Има наоди од раната антика, од IV век п.н.е. преку наоди на монети на македонските кралеви, од III и II век п.н.е. преку монети и керамика од римскиот и доцноримскиот период, се до доцниот среден век.

Комплексот Висока – Старо Бонче (со локалитетите Колкот, Павла Чука, Плаза, Спаница, Вампирот и др.) е од исклучителна важност со долга хронологија, комплексна стратиграфија од железно време преку антика до среден век. Комплексот поседува објекти и sидни опуси со монументален и владетелски карактер што несомнено упатува на високо репрезентативно рамниште.

7. Археолошки истражувања на локалитетот Старо Бонче

Речиси истовремено се извршија овие археолошки истражувања со оние на локалитетот Висока. Истражувањата се реализираа на местото каде минатата година случајно биле откриени остатоци од бронзена ламарина со рељефни претстави на три штита со кружна форма од античка македонска провинција со натпис дека истите му припаѓаат на македонскиот крал Деметриј. И овие истражувања беа извршени во заедничка акција на стручни лица од Филозофски факултет – Институт за историја на уметност и археологија, Скопје и студенти и стручни лица на НУ Завод и Музеј – Прилеп.



Средишен дел од штит



Дел од штит – бордура со огнила

Во археолошкиот квадрат се откриени остатоци од јама со култен карактер и соодветна археолошка содржина што е во фаза на кабинетска анализа и документирање. Целиот материјал воглавно припаѓа на III век п.н.е. Во непосредна близина на јамата се констатирани остатоци од куќи од истиот период кои несомнено му припаѓале на подградието на градот – акрополата на врвот Висока.

Се надеваме дека и наредните години Министерството за култура ќе има слух и ќе издвојува средства за истражување на овој значаен археолошки локалитет каде беа откриени единствени примероци од македонски штитови од III век п.н.е. од времето на кралот Деметриј. Се надеваме со откривање на други археолошки предмети на овој локалитет ќе расветлиме нови моменти од историјата на Република Македонија.



Движни археолошки наоди од локалитетот Старо Бонче

8. Нова археолошка поставка

Археолошката поставка во НУ Завод и Музеј – Прилеп ќе ги опфати периодите на праисторија, антика и среден век. Старата археолошка поставка поставена во 1961 година со мала површина и со лоши архитектонски решенија како и несоодветни витрини за изложување на големото археолошко богатство што го даваат бројните археолошки локалитети во Прилепскиот регион, не соодејствува со новото време како и потребата од што поголем број на изложени археолошки предмети. Од тие причини започнати се активности за преадаптација и проширување на музејскиот простор. Изминативе години се работеше на новата археолошка поставка но со оглед на малите финансиски средства истата се реализира оваа година со исклучок на изработката на витрините која акција се надевам дека ќе ја реализираме во 2007 година. Покрај со финансиски средства од Министерството за култура, реализацијата на овој проект особено за подот го реализиравме благодарение на спонзорството на Мермерниот Комбинат од Прилеп кој донира 200 m^2 мермер и истиот е поставен во изложбената сала и салонот на нашата установа. Набавени се материјали и извршени се голем број градежно занаетчиски и електричарски работи во археолошката сала и салонот пред неа а тоа се:

- изработка на витрини од гипс картонски плочи;
- обложување на ѕидовите со гипскартонски плочи со фугирање и бандажирање на истите;
- изработка на спуштен таван од гипскартонски плочи на метална конструкција во салата и салонот;
- монтажа на мермерни плочи;
- набавка и монтажа на разводни табли со автоматски осигурачи, неонки, штекери и прекидачи, како и друг електричарски материјал;
- монтажа на целокупното осветлување во салата и салонот .

За потребите на салата т.е. климатизација на истата (топло-ладно) изработени или набавени и монтирани се:

- канали од поцинкован лим за внатрешноста и надвор од објектот;

- вентилациони решетки;
- електричен калорифер со грејач;
- центрифугален бокс вентилатор;
- пригушувач (апсорбер) на звук;
- воздушна завеса.

Покрај претходно наведените занаетчиски работи се изведоа молерофарбарски работи и слично со кои салата заедно со салонот пред неа се доведоа во завршна фаза. За дореализација на овој проект е потребна изработка на витрините со кои целосно ќе биде реализиран овој повеќе годишен проект, а со цел презентација на богатото археолошко наследство од Прилеп и прилепско.





Археолошката поставка во изградба

9. Конзервација на архитектура на црквата Св. Никола, с. Манастир

Црквата Св. Никола, с.Манастир е значаен споменик на културата. Подигната е во 1266 г. на темели од постара црква, подигната 1095 г. Претставува трикорабна базилика без нартекс, која на источната страна завршува со три тристрани апсиди. Последниве години се работи на консолидација на конструктивниот систем со цел обезбедување статика на објектот.

Активностите во оваа фаза отпочнаа со археолошко-архитектонски истражувања по што следуваше уфрлање на армирано бетонски темелни сегменти под носивните ѕидови од објектот. Напоредно се отвораа, истражуваа и конзерваторски реализираа сонди на јужниот и источниот ѕид од објектот. Уфрлањето на армирано бетонски темелни греди се одвиваше постапно по точно определени сонди ненарушувајќи ја статиката на објектот. Оваа фаза ја карактеризира појавата на подземни води со што се утврди претпоставката дека тоа е една од главните причини за нарушување на носивоста на тлото од објектот.

За таа цел се направи контролен бунар за следење на нивото на водата. Предвидените активности за 2006 година беа целосно реализирани со поврзување на сите армирано бетонски темелни сегменти од северниот, источниот и јужниот ѕид на црквата.



Конструктивна консолидација – темелење на црквата

10. Дренажа на манастирската црква од манастирот Св. Архангел Михаил, во Варош

Манастирскиот комплекс Св. Архангел Михаил сместен меѓу карпите на југозападната страна од Марковите кули се вбројува меѓу најзначајните споменици на културата и туристичко место не само во Прилеп и прилепско туку и во Република Македонија. Подигната е во 12 век како мала еднокорабна црква со полукружна апсида, врз која подоцна е доградена на западната страна припрата со купола.

Проблемот со атмосферската вода која што навлегува и во внатрешноста на црквата се наметна кој што требаше да се решава. Започнатите активности од минатата година продолжија и во оваа со што целосно е завршен процесот на дренажа на црквата. Имено се дооформи одводниот дренажен канал во самата карпа (до северниот и источниот ѕид) кој го следеше падот на теренот. Со самото формирање на каналот се пресече дотокот на влага – вода и истиот се финализира. Внатрешноста од каналот се реализира со армирано – бетонско платно со додаток од средство за непропусност од програмата на АДИНГ. По завршување на оваа фаза се пристапи кон затворање на каналот со армирано – бетонски плочи врз кои се поставија гранитни плочи. Со овие активности се реализира овој проект односно надворешната дренажа на црквата.



Дренажа на манастирската црква

II. Музејска дејност


1. Ревалоризација на движни споменици на културата

Управата за заштита на културното наследство врз основа на Законот за заштита на културното наследство изготви програма со која во текот на 2006 г. требаше да се реализира ревалоризацијата на движните споменици на културата односно да се направат елаборати за ревалоризација на збирките движно културно наследство. Министерството за култура во целост не ја финансираше оваа програма но и покрај тоа во голема мера се пристапи кон реализација на овој проект, а за таа цел се работеше на елаборати на збирки од областа на археологијата, историјата, историјата на уметност и етнологија. Се надевам дека Министерството за култура финансиски ќе ја поддржи оваа акција за целосно да ја реализираме Програмата за ревалоризација на движното културно наследство.

2. Изложба "Графички листови 18-19 век од збирката на Музеј Прилеп"

Во рамките на Програмата за музејска дејност, Министерството за култура на Република Македонија ја одобри и финансира изложбата. Имено се работи за графички листови кои предходно во соработка со конзерваторската лабораторија на НУБ "Св. Климент Охридски" од Скопје беа козервирани и подготвени за презентација. Со оглед што овие графички листови за прв пат беа изложени во Македонскиот културен центар во Њујорк следеше презентација за прв пат во Македонија т.е. во Прилеп. Истата беше поставена во Центарот за култура во Прилеп, а во рамките на Прилепското културно лето беше отворена на 04.08.2006 г. од страна на претседателот на МАНУ, академик Цветан Грозданов. Изложени беа 33 графички листови со мотиви од манастирите, светители и религиозни композиции. Поголемиот дел потекнуваат од светогорските манастири Зограф, Хиландар, Ватопед и Иврион, а има и такви кои се печателе во Венеција, Виена и Ерусалим. За изложбата е подготвен каталот. Автор на текстот и комесар на изложбата беше Славица Алексоска, виш кустос, дизајнот и компјутерската подготовка на каталогот е на Биљана Темелкоска, а фотографиите се на Димитрија Димески. Изложбата предизвика големо внимание во јавноста и истата беше

посетена од голем број посетители. Поради зголемениот интерес во јавноста изложбата беше поставена во Национална галерија – Скопје и НУ Завод и Музеј – Битола.



Корица на каталогот

3. Изложба "Празнични чорапи од прилепскиот крај"

Прилепскиот Завод и Музеј поседува богата етнолошка збирка. Секоја година пред јавноста се презентираме со минимум една етнолошка изложба, како дел од материјалната култура на македонскиот народ. Овој пат се одлучивме за празничните чорапи како дел од народните носии кои завземаат значаен дел во народното уметничко творештво. Комесар на изложбата беше Петре Чагороски, виш кустос етнолог, а на истата беа изложени 20 празнични чорапи од прилепскиот крај. Тие зборуваат за едно минато време, а претставуваат документ за креативноста на македонскиот народ. Изложбата беше отворена на 03.10.2006 г. во рамките на одбележувањето на Европските денови на културно наследство во Република Македонија и беше посетенеа од голем број посетители како и ученици од Прилеп и прилепско.




Изработен постер по повод отворањето на изложбата

4. Едукативен проект "Нашето минато"

Овој проект од едукативен карактер е во функција на учениците од нашиот град со цел запознавање на учениците со нашето минато преку разни презентации, посети на музеи и споменици на културата и слично. Оваа година овој проект го реализиравме со учениците од ОУ "Климент Охридски" од Прилеп, а во проектот беа бклучени и стручни лица од нашата установа. Учениците ја разгледаа етнолошката збирка, Галеријата на икони, Меморијалниот музеј "11-ти Октомври 1941", Могилата на Непобедените, остатоците од средновековниот град на локалитетот Маркови Кули како и црквите во населбата Варош. Во завршниот дел од проектот беше поставена изложба на цртежи и фотографии создадени од учениците, а врз основа на впечатоците од наведените посети. Овој проект беше

презентиран и во средствата за јавно информирање како и при претставување на училиштето во образновната емисија “Оправдано присутни” на А1 Телевизија.



О У „Климент Охридски“-Прилеп ПРОЕКТИ

Едукативен проект “Нашето минато“

Група ученици од нашето училиште учествуваа во реализацијата на едукативниот проект “Нашето минато”. Проектот беше реализиран во соработка со Заводот за заштита на спомениците на културата и Музејот на град Прилеп, под раководство на Вишиот кустос археолог Душко Темелкоски и наставничката Каролина Јовеска.

Учениците преку посета на изложбените постапки во Заводот и Музеј, на археолошките локалитети и другите споменици на културата од нашиот град и неговата околина, се запознаваа, го проучуваа и истражуваа богатото материјално, духовно, културно и историско наследство.

Целта на проектот беше развивање на свеста за негување и почитување на вредностите и традициите на својот крај, а преку тоа и на својата земја, развивање на љубов и почит кон минатото и наследството. Учениците преку креации ги изразуваа своите впечатоци од организираните посети, соодветно на нивниот талент.

Проектот се реализира во пет работни дела во терминот од 23 Септември до 19 Октомври 2006 год., кога беше поставена изложба од реферати, цртежи и фотографии.

Впечаток е дека проектот наиде на голем интерес и воодушевување бидејќи придонесе и за збогатување на знаењата за нашето минато и за заеднички средби, дружарувања и забави.

Александар Здравески VII-4


22

Училишен весник на ОУ “Климент Охридски” Прилеп

III. Меѓународни активности

1. Изложба "Графички листови 18-19 век од збирката на Музеј Прилеп" Македонски културен центар во Њујорк

Во рамките на Програмата за меѓународна соработка од страна на Министерството за култура беше прифатен и финансиран проектот – изложба "Графички листови 18-19 век од збирката на Музеј Прилеп". Истата беше отворена на 24.05.2006 г. во Македонскиот културен центар во Њујорк. На неа беа изложени 33 графики од збирката од Музејот во Прилеп од вкупнко 200 колку што брои истата. Графиките главно потекнуваат од Светогорските манастири Зограф, Хиландар, Ватопед и Иврион со претстави на светители, религиозни композиции и манастирски комплекси. Изложбата предизвика големо внимание во САД како кај стручната јавност, а особено кај македонците со привремен престој. За успешна реализација на оваа изложба беше подготвен каталог на англиски јазик од авторот и комесар на изложбата, вш кустос Славица Алексоска, дизајнот и компјутерската подготовка е на Биљана Темелкоска, а фотографиите на Димитрија Димески. Претходно на графичките листови беше извршена конзервација од страна на стручни лица на НУБ "Св. Климент Охридски" Скопје. Изложбата имаше своја презентација и во Прилеп, Скопје и Битола.



Изработена покана по повод отворањето на изложбата во САД

IV. Извршени увиди

Во текот на оваа година извршени се повеќе увиди на состојба на споменици на културата, други цркви и манастири, археолошки локалитети. Исто така направени се увиди и побарана е стручна консултација од црковните одбори, а со цел изведување на мали градежни интервенции, увиди по барање на МВР, Локална самоуправа, како и други правни и физички лица.

Општина Прилеп, Долнени и Кривогаштани

1. Археолошки локалитет Старо Бонче;
2. Црква Св. Атанас, с. Секирци;
3. Црква Св.Никола, с. Слепче, (Манастир);
4. Црква Св. Никола, с.Големо Радобил;
5. Село Галичани;
6. Археолошки локалитет Манастириште, с. Тројаци;
7. Археолошки локалитет, с. Волково;
8. Црква Св. Благовештение, Прилеп;
9. Археолошки локалитет, с. Ореовец;
10. Археолошки локалитет, с. Небрегово;
11. Црква Св. Никола, с. Чепигово;
12. Црква Св. Никола, с. Обршани.

Општина Крушево

Во рамките на малиот кадровски потенцијал на НУ Завод и Музеј – Прилеп, беше направен првичен увид на состојбата на спомениците на културата во Крушево.

V. Педагошко водичка служба

Во НУ Завод и Музеј - Прилеп покрај другото се обавува и педагошко водичка служба. Истата се изведува во објектите во надлежност на нашата установа и тоа:

1. Меморијален музеј "11 Октомври 1941"
2. Меморијален музеј " Кузман Јосифоски-Питу"
3. Паркот на Револуцијата
4. Галерија на икони
5. Спомен дом "Блаже Конески", с. Небрегово
6. Музеј за тутун

Покрај во предходно наведените објекти педагошко водичка служба беше обавувано и по спомениците на културата во Прилеп и прилепско. Сите предходно наведени објекти како и постојаните и повремените изложби беа посетени од голем број на посетители како поединечно така и во групи. Посетите редовно беа изведувани со одржување на историски часови или презентирање на поставката. Посебно би сакал да ја истакнам редовната посетеност од страна на основните и средните училишта.

VI. Вонпрограмски активности

Покрај редовните активности произлезени од Законот за заштита на културното наследство, а утврдени и финансирани со Програмите на Министерството за култура презедовме и други активности во функција на презентација на движното и недвижното културно наследство. Во тој поглед би ги споменале:

1. Конзерваторски надзор на Галерија "Никола Мартинноски" Крушево

Кон крајот на 2005 г. започнаа конзерваторските работи на оваа галерија. Согласно Законот за Заштита на културното наследство, конзерваторскиот надзор го врши НУ Завод и Музеј – Прилеп. Конзерваторските работи продолжија и во почетокот на 2006 г., а со тоа и конзерваторскиот надзор. Конзерваторските работи успешно се завршени. Со тоа оваа Галерија, споменик на културата, а воедно и родна куќа на истакнатиот македонски уметник Никола Мартиноски е обновена и ќе биде место каде покрај старата градска архитектура на Крушево и Македонија ќе биде виден и голем дел од ликовниот опус на овој наш истакнат уметник.



Состојба на Галеријата "Никола Мартиноски" во Крушево после конзервација

2. Крушево – Состојба на градителското наследство

Податоците од теренските истражувања на дел од спомениците на културата во Крушево беа собрани во Power Point презентација. Истата беше презентирана во Локалната Самоуправа на Крушево на 17.03.2006 г. Ова беше почетна активност на НУ Завод и Музеј – Прилеп, Историскиот Музеј и Локалната Самоуправа – Крушево за натамошната соработка во функција на заштита на културното наследство.



Power Point презентација

3. Изложба: "Историја на руската дипломатија во документи"

Оваа изложба се реализира како резултат на повеќе годишната соработка на НУ Завод и Музеј – Прилеп со Амбасадата на Руската федерација во Република Македонија и Македонското-Руско друштво од Прилеп. Истата беше отворена на 23.03.2006 г. На изложбата беа претставени фотокопии од документи од Архивите на Минитерството за надворешни работи на Руската федерација. Тие ги отсликуваат основните етапи на развојот на руската дипломатија, како и најважните настани во надворешната политика на Русија во изминатите векови.



Изработена покана по повод отворањето на изложбата

4. Изложба "Графички листови 18-19 век од збирката на Музеј Прилеп"

Оваа изложба предходно беше презентирана во Македонскиот културен центар во Њујорк и во Прилеп. Бидејќи истата беше ретка, а се работеше за експонати единствени во Република Македонија во соработка со Националната галерија од Скопје беше поставени во Мултимедијалниот центар "Мала Станица" и истата предизвика големо внимание од стручната и друга јавност. изложбата беше орворена на 12.10.2006 г.

Како резултат на зголемениот интерес за оваа изложба истата, а во соработка со НУ Завод и Музеј – Битола беше поставена во Јени џамија – Галерија во Битола на 24.11.2006г. Како и во предходните поставувања на оваа изложба и во Битола предизвика голем интерес.



Отворање на изложбата во Битола

5. Одбележување на 85 години од раѓањето на академик Блаже Конески

Во соработка со Филолошкиот факултет "Блаже Конески" на 19.12.2006 г. беше одбележан денот на раѓањето на Блаже Конески, академик, професор, научник, редактор на Речникот на Македонскиот јазик и основоположник на македонскиот литературен јазик.

Беше посетена неговата родна куќа "Спомен домот Блаже Конески" во с. Небрегово, а во негова чест беше промовирана книгата "Мислата на Блаже Конески" од Трајко Стаматоски.



Насловна корица на книгата

6. Истражувања за изработка на проект за конзервација и реставрација на архитектурата и фрескоживописот на црквата Св. Успение Богородичино во Манастирот Трескавец

Во соработка со Националниот конзерваторски центар, а со финансиска помош од Крес фондација која работи во рамките на Фондот за светско културно наследство, продолжија предходната година започнатите разни видови истражувања во функција на изработка на Проект за конзервација и реставрација на

архитектурата и фрескоживописот на црквата. Стурчни лица на НУ Завод и Музеј – Прилеп, работеа на истражувачки работи на кровната конструкција, а при тоа цел на истите беа:

- идентификација на димензиите на конструктивните елементи од кровната конструкција;
- идентификација на покривната конструкција;
- увид во состојба и позиција на конструктивни елелменти за поставување на елементи за зајакнување.

Бо текот на активностите беа отворени 7 сонди на различни позиции на кровната конструкција на црквата, а воедно е документирана состојбата на конструктивните и неконструктивните елементи на кровната конкструкција, нивните пропорции и автентичност.

Напоредно со овие истражувачки работи стручна екипа на Националниот конзерватсорски центар работеше на истражувања на фрескоживописот.



Истражувачки работи – централна купола

VIII. Заеднички служби

Правно административно одделение

Во рамките на ова одделение беа извршени следните работи и работни задачи:

- водење на правна заштита на спомениците на културата;
- учество во комисија за прогласување и губење својство на споменик на културата;
- изготвување на мислења, одлуки и решенија за потрбите на службите и установата;
- изготвување на договори за работа со надворешни лица;
- учество на симпозиуми и јавни дебати на одредени теми;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на дејноста на одделението.

Библиотека

Во 2006 година како и секоја година, во библиотеката на НУ Завод и Музеј – Прилеп се набавува и стручно се обработува од страна на библиотекарот новата литература. До истата се доаѓа по пат на претплата, размена или подарок. Во текот на 2006 година ново набавени се 80 книги, 33 списанија и 9 речници и при тоа изготвени се 80 каталожни картончиња на книгите и 328 каталожни картончиња на списанијата. По пат на размена испратени се 63 книги во издание на НУ Завод и Музеј – Прилеп до други музеи, заводи и други установи во земјата и странство со кои библиотеката остварува соработка по пат на размена.

Освен досегашното картотечно водење на библиотеката, изготвена е програма со која компјутерски се обработуваат книгите по области, по периоди, по автори или по друг основ, односно воведена е автоматизација во секојдневното работење и пребарување како најважен аспект на библиотечното работење. Со осовременувањето во библиотечното работење, дигитализиран е дел од библиотечниот фонд на нашата установа и оваа обработка продолжува и во наредниот период.

Покрај тоа за потребите на вработените вршени се и други работи и работни задачи како:

- пишување на текстови, писма, извештаи и друго;
- компјутерска обработка на податоци и слично;
- подготовка на каталози, покани и слично;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на библиотеката.

Фотолабораторија

Последниве години во НУ Завод и Музеј – Прилеп се практикува за секој проект да се изработува фотодокументација и посебно видео документација што секако е нешто ново во однос на предходните години. За потребите на стручните лица вршени се следните работи и работни задачи:

- изработка на фото документација на движни и недвижни споменици на култура;
- изработка на видео документација на движни и недвижни споменици на култура;
- изработка на фото и видео документација на изложбите и промоциите;
- изготвување на покани и каталози за изложбите и промоциите;
- учество при увид на стручна екипа;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на дејноста на фотолабораторијата.

Архива и Народна Одбрана

Согласно Законот за архивска граѓа и уредбата за канцелариско и архивско работење во текот на 2006 година беше изготвен план на архивски знаци за распоредување на актите за 2006 година на НУ Завод и Музеј Прилеп за што добивме согласност од Архив на Македонија ПО–Прилеп. Раководејќи се по планот беше водена архивата и деловодниот протокол. Во рамките на архивата водени се уредно сите потребни книги на нашата институција.

Во рамките на одбраната вршени се сите неопходни работи. Постојано од страна на лица од Министерството за одбрана ПО Прилеп сме посетувани и целосно ги применуваме нивните препораки.

Финансиско книговодствена служба

Во рамките на оваа служба во оваа година се обавуваа следните работи:

- книжење на материјалните и финансиски документи ;
- изготвување на завршни сметки;
- изготвување на временски извештаи ,планови и слично;
- редовно доставување на статистички и други извештаи;
- извршување на вирманска исплата;
- фактурирање извршени услуги;
- извршување на други работи и работни задачи што произлегуваат од природата на оваа служба.

*

Според се она што беше кажано досега можеме да заклучиме дека НУ Завод и Музеј – Прилеп ги реализира во целост проектите финансирани од страна на Министерството за култура. Покрај тоа НУ Завод и Музеј – Прилеп организираше и реализира голем број на проекти кои што не произлегоа од Програмата за заштита на културното наследство или од Програмата за музејска дејност, а произлегуваат од Правилникот за распоредување на работи и работни задачи со опис и попис на работите и работни задачи, Статутот на НУ Завод и Музеј – Прилеп, Закон за заштита на културното наследство, Закон за музеите како и Закон за културата како и проекти во соработка со други културни установи од Република Македонија, разни друштва, невладини организации и други субјекти и поединци.

ДИРЕКТОР

Рубинчо Белчески